

## SYSTEMA PARETE - МОДУЛАРЕН СИСТЕМ ЗА ПОЛИЦИ И ЗАКАЧАЛКИ



| | |
|---|---|
| **Производител** | System Holz |
| **Опис** | Systema Parete е модерен систем за обложување на ѕидови. Се базира на алуминиумски профили и клип-механизми со кои декоративните панели се монтираат брзо и прецизно. Системот овозможува употреба на различни материјали – иверка или медијапан – прилагодувајќи се на стилот и потребите на секој проект.<br>Панелите се демонтираат и заменуваат едноставно, што овозможува обновување на ентериерот без дополнителни градежни работи. Дополнително, зад панелите може да се скријат кабли и инсталации, а системот нуди и можност за интегрирање полици и оклагии за обесување на облеката.<br>Благодарение на оваа комбинација од естетика и функционалност, Systema Parete претставува сигурно и елегантно решение за уредување на современи ентериери. |
| **Место на примена** | Systema Parete е идеален за внатрешни простории каде се бараат стил, чист изглед и практичност.<br>Се користи во дневни и спални соби, гардеробери, како и во канцеларии, хотелски лобија и продавници. Неговата модуларност го прави одлично решение за реновирања и брзо освежување на ентериери без големи зафати.<br>Благодарение на можноста за интегрирани полици и скриени инсталации, системот е погоден и за функционални ѕидови – мултимедијални зони, гардеробери или простори за складирање. |
| **Боја** | Боја на вертикалниот профил - Алуминиум сива;<br>Боја на компонентите кој се закачуваат - Антрацит; |



Димензиите се во милиметри

# SYSTEMA PARETE - МОДУЛАРЕН СИСТЕМ ЗА ПОЛИЦИ И ЗАКАЧАЛКИ

## Главни компоненти



**Вертикален профил, Должина=3000мм**

| Идент | Шифра | Боја |
|---|---|---|
| 032840 | 011118 | Сива |

Се продава само цел профил



**Нивелатор со метална плочка со навој**

| Идент | Шифра | Боја |
|---|---|---|
| 032841 | 000V463 | Црна |
| 032843 | 01CT330—3 | Сива |



**Дистанцер за вертикален профил**

| Идент | Шифра |
|---|---|
| 032842 | 000V464 |



**Метален држач за компонента H260**

| Идент | Шифра |
|---|---|
| 032844 | 01CH258—3P |

Носивост (макс.): 40кг.
Растојание (макс.): 900мм



**Држач за обесување на панелот**

| Идент | Шифра |
|---|---|
| 032845 | 000H260 |

Носивост (макс.): 40кг.
Растојание (макс.): 600мм

## Додатни компоненти



**Средна конзола за полици, 598мм**

| Идент | Шифра | Боја |
|---|---|---|
| 032847 | 000W108-1-15 | Антрацит |

Носивост на пар конзоли: 50кг.
Растојание (макс.): 900мм
*За полици пошироки од 700мм потребно е провери извиткувањето на полицата.*



**Пар конзоли за полици, 598мм**

| Идент | Шифра | Боја |
|---|---|---|
| 032846 | 000W108—15 | Антрацит |

Носивост на пар конзоли: 50кг.
Растојание (макс.): 900мм
*За полици пошироки од 700мм потребно е провери извиткувањето на полицата.*



**Правоаголна оклагија со заштитна гума, Должина=5100мм**

| Идент | Шифра | Боја |
|---|---|---|
| 032849 | 011084.L510.07 | Антрацит |

Оклагијата се продава на: 2000, 3000, 4000, 6100мм



**Држач за оклагија**

| Идент | Шифра | Боја |
|---|---|---|
| 032848 | 000K364—07 | Антрацит |

# SYSTEMA PARETE - МОДУЛАРЕН СИСТЕМ ЗА ПОЛИЦИ И ЗАКАЧАЛКИ

## Насоки за монтирање

### Вертикален профил + Нивелатор





| Горна шина, Должина=3000мм | | |
|---|---|---|
| **Идент** | **Шифра** | **Боја** |
| 032840 | 011118 | Сива |

Се продава само цел профил



| Нивелатор со метална плочка со навој | | |
|---|---|---|
| **Идент** | **Шифра** | **Боја** |
| 032841 | 000V463 | Црна |
| 032843 | 01CT330—3 | Сива |

### Поставување на металната плоча и нивелаторот

Вметнете ја металната плочка на долната страна на вертикалниот профил, а потоа навртете го и нивелаторот.







## Насоки за монтирање

### Дистанцер за вертикален профил



| Дистанцер за вертикален профил | |
|---|---|
| **Идент** | **Шифра** |
| 032842 | 000V464 |



### Поставување на дистанцерот

Поставете неколку дистанцери на задната страна на вертикалниот профил.

Растојанието помеѓу секој дистанцер да биде 500мм.



Свртете го дистанцерот додека не заглави.



### Поместување на растојанието на вертикалниот профил од ѕидот

Со имбус клуч подесете го аголот на вертикалниот профил. Треба да биде под 90° во однос на подот.

Откако ќе ги направите сите поддесува, со штрафовите, фиксирајте го вертикалниот профил за ѕидот.










*Имбус клуч не следува со системот.*

*Штрафови и типли за во ѕид не следуваат со системот.*

## Насоки за монтирање

### Порамнување на вертикалните профили











### Поставување на металниот држач



| Метален држач за компонента H260 | |
|---|---|
| **Идент** | **Шифра** |
| 032844 | 01CH258–3P |

Носивост (макс.): 40кг.
Растојание (макс.): 900мм





Поставете ги металните држачи на вертикалниот профил (како на сликите) и фиксирајте ги со имбус клуч.

За поставување на еден панел потребни се минимум 4 метални држачи (по 2 на еден вертикален профил).

За да не дојде до извиткување на високите панели корисно е да се додадат уште 2 држачи на средина.

Секако, изведувачот треба да процени дали треба да се додадат дополнителни држачи.

## Насоки за монтирање

### Шема на бушење на панелот за држачот за обесување



| Држач за обесување на панелот | |
|---|---|
| **Идент** | **Шифра** |
| 032845 | 000H260 |

Носивост (макс.): 40кг.
Растојание (макс.): 600мм

За да се закачи панелот потребни се минимални 20мм во горниот дел.

Горна ивица на панелот




Поглед на задната страна на панелот



Страничен поглед

### Шема на бушење за полиците



| Пар конзоли за полици, 598мм | | |
|---|---|---|
| **Идент** | **Шифра** | **Боја** |
| 032846 | 000W108–15 | Антрацит |



| Средна конзола за полици, 598мм | | |
|---|---|---|
| **Идент** | **Шифра** | **Боја** |
| 032847 | 000W108-1-15 | Антрацит |

Носивост на пар конзоли: 50кг.
Растојание (макс.): 900мм
*За полици пошироки од 700мм потребно е провери извиткувањето на полицата.*









Димензиите се во милиметри

## Насоки за монтирање

### Поставување на панелите





### Поставување на конзолите







